# ФОРУМ ЗА КОНКУРЕНЦИЈА ИСТАНБУЛ
# 25-26 Ноември 2019 година
# Истанбул, Турција

Турската конкурентска управа во соработка со UNCTAD по повод 22-годишнината од постоењето организираше Форум за конкуренција кој се одржа на 25 и 26 Ноември 2019 година во Истанбул, Турција. Настанот имаше за цел да се зајакне соработката помеѓу конкурентските управи.

На овој настан присуствуваа претставници од конкурентски управи од Украина, Грција, Романија, Албанија, Хрватска, Кенија, Русија, Казахстан и Пакистан како и претставници од UNCTAD и OECD.

Настанот го отвори Претседателот на Турската конкурентска управа Birol KULE, Министерот за трговија Rushar PEKCAN и Претседателот на Одделот за конкуренција и потрошувачи при UNCTAD Тереза Мореира.

Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија Д-р. Владимир Наумовски присуствуваше на овој настан, кој беше искористен за потпишување на меморандум за соработка со Романскиот конкуренстки совет и на кој оствари средба со претставниците на другите конкурентски управи.






